СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-3734/8
13.06.2022 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на 12-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана на денешен ден 13.06.2022 година.

## ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 12-та седница на Советот на Општина Кавадарци.
На седницата се присутни 16 советници. Тројца ќе ни се приклучат дополнително.
Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува за предложениот дневен ред.

Со Решението за работата на Советот може да го забележите Дневенот Ред з во вашите материјали и тоа е Предлог Дневен Ред за работа на седницатазакажан за денес:

1. Анализа за основање на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници;
2. Предлог-Одлука за основање на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници;
3. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци;
4. Предлог-Одлука за изменување на Одлука за општински линиски превоз во Општина Кавадарци;
5. Предлог-Одлука за поништување на Одлука за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци;
6. Наративен Извештај за работата на Установа од областа на културата Културно-социјален простор Подиум-Јадро Кавадарци, донесен од Управен одбор на Установа од областа на културата Културно-социјален простор Подиум Јадро Кавадарци;

   Точка 7 се ИЗЗЕМА од Дневниот ред. Понатаму редоследно се менува бројот на точките од дневниот ред.
7. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година ;

Тоа е точката 7.

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.

Молам за гласање. Кој е за. Едногласно усвоен.

1. Анализа за основање на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани колеги советници, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Значи како прва точка на денешниот Дневен ред е Анализа за основање на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници. Како прво сакам да потсетам дека со буџетот што го донесовме во декември, буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година беа испланирани и средства за набавка на автобуси за вршење на превоз на патници на Општина Кавадарци. Целта и причината за донесување на таквата одлука беше да превозот на ученици, а подоцна и вклучувајќи и превоз на патници во општина Кавадарци да се врши преку ЈП ПАРКИНГ Кавадарци со цел да се зголемат приходите на ова ЈП, а да се намали негативниот финансиски резултат. Но значи таа одлука беше донесена во декември заедно со донесувањето на буџетот, но таму дури во месец мај се увиде дека таа одлука не може да се спроведе, односно дека ЈП Паркинг не може да врши дејност транспорт на патници и поради тоа не можат и да се извадат соодветните документи за обавување на оваа дејност . Значи направен е пропуст кој што треба да ни биде поука за во наредниот период за спроведување на сите други активности што треба да ги направи општинската администрација и ново формираното јавно претпријатие и сите други јавни претпријатија што треба да помогнат во реализацијата на оваа дејност за да не се случуваат вакви пропусти, кои што доведуваат и до поништување на одлуки, затоа што ние со овој пропуст се доведовме во ситуација да поништиме и некои одлуки што ги донесовме на претходните седници.Значи јасно ни е на сите дека за да може да се врши превоз на патници, превоз на ученици мора да се оформи ново ЈП и токму сега ја имаме пред анализата за основање на ова ЈП, според која не само што ќе се врши превоз на ученици, ќе се врши превоз на патници и на приградски линии и на редовни линии во градот. Тоа е добро, затоа што имаме реакција од наши граѓани од приградските населби, немаат автобуски превоз, досега не беше рентабилно за операторот кој што вршеше градски превоз. Свесни сме дека и за ЈП, овие приградски линии за некои населби, каде што има мал број на жители нема да бидат рентабилни, но затоа ќе треба тие трошоци за тиа линии да се покријат од останатите порентабилни и поактуелни линии, каде што ќе има поголема фреквенција на граѓаните. Сакам да посочам дека мораме уште во почетокот при формирањето и во профункционирањето на ова ЈП, да ги испромовираме добро условите на ова ЈП да го зголемиме интересот кај граѓаните да ги користат услугите на ова ЈП, за да биде рентабилно уште во старт на своето работење. Имаме Финанскиски план во рамките на оваа анализа, која покажува дека претпријатието ќе биде рентабилно, ќе има доволно приходи, ги покрива трошоците, нормално кога ќе почне да функционира ќе видиме како сето тоа се реализира, колку приходи ќе остварува и колкави трошоци ќе прави. Значи мора уште на почетокот исто така да бидеме флексибилни, навремено да се носат соодветни одлуки за промени, се со цел да приходите бидат што е можно поголеми, трошоците да бидат помали, а во секој случај и да бидат квалитетни услугите за што ќе ги врши ова ЈП.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена. 16 советници.

2. Предлог-Одлука за основање на Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

Почитувани оваа одлука ќе се гласа заедно со Амандманот кој го имате добиено. Тоа е Амандман за Предлог Одлука за основање на ЈП, во кој можете сами да го видите Амандманот, значи се работи Градоначалникот на Кавадарци ја овластува Славица Игнатовска, по занимање дипл. правник, вработена во Општина Кавадарци за да ги води работите на претпријатието се до негово конституирање и да поднесе пријава за регистрација на претпријатието пред надлежниот регистерски орган. Значи точката ја ставам на гласање заедно со Амандманот. Кој е за.Едногласно усвоена.

3. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

4. Предлог-Одлука за изменување на Одлука за општински линиски превоз во Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Никој не бара збор. Ја ставам на гласање.

5. Предлог-Одлука за поништување на Одлука за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.Точката е едногласно усвоена од советниците.

6. Наративен Извештај за работата на Установа од областа на културата Културно-социјален простор Подиум-Јадро Кавадарци, донесен од Управен одбор на Установа од областа на културата Културно-социјален простор Подиум Јадро Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка.Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

7. Предлог-Одлука за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година.

Тоа е одлука за одобрување на финансиски средства во вкупен износ од 40 000 денари на Мото Клуб Тиквеш Рајдерс Кавадарци за организирање на Петтиот по ред Мото Фест и 10 годишнината од постоење на клубот во деновите 17 и 18-ти јуни 2022 година. Ова барање е од Мото Клуб Тиквеш Рајдерс беше доставено на претходниот Совет, меѓутоа касно стигна материјалот. Во корелација со Градоначалникот решивме денеска да ја ставиме на дневен ред.

Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани медиуми, почитувани сограѓани. Денешната седница беше кратка,

конструктивна. Сакам да се навратам на неколку работи за да ги размислуваме сите заеднички во периодов кој што следи не очекуваат повеќе предизвици. Едни од поголемите крупни, капитални објекти кои што треба да се отпочнат со изградба и да се отпочне со документација ја би ги споменал за да сите заеднички да размислуваме и како советници и како служби, а нормално и граѓаните да бидат делумно информирани во делот на капиталната инфраструктура. Општина Кавадарци е во фаза на имплементација на 35 мерни станици. Заедно со Општина Демир Капија, Неготино и Росоман. Тоа ќе бидат агротехнички мерни станици, каде што ќе даваат податоци за метеоролшката состојба, за состојбата софтверски во делот на заштита на овошките, лозарството и целокупното земјоделие и тоа ќе биде еден благодет за сите овие 4 општини каде што нашите земјоделци ќе имаат увид во делот на она што ги претстои пред нив, врнежи, какви заштитни мерки да ги употребат, кога да ги употребат мерките и тука ќе треба да размислиме заедничи, по поставувањето на тие мерни станици и софтверскиот систем и правниот момент на кого да го дадиме на користење тој софтверски систем и да ги пласира во делот на веб станица, на јавност, да може земјоделците да поставуваат прашања, а нормално притоа да не оптеретуваме со дополнителни средства на вработување на аграноми или било што, така да мислам дека треба да се договориме со винарски визби, да се договориме со Здружението на лозарите, тоа да биде транспарентно и да го направиме како што треба, пошто тоа е инвестиција преку Вардарски – плански регион, комплетна донација од Швајцарска фондација преку Швајцарската амбасада. Исто вториот проект кој што заедно тука на Совет се одобри локацијата, се одобри земјиштето, веќе е во завршна фаза. Од 19, 500 000 денари добивање на грант за изградба на стационар со сите неопходни елементи, од операциона сала до третирање, кастрирање, стерилизирање на кучиња и згрижување на кучиња бездомници, заедно со шинтерска служба. Ова ќе биде исто регионален центар за сите 7 општини од Планскиот Вардарски регион на наша територија и ќе престојат тука и доста вработувања во делот на ветеринарни лекари, шинтери, шинтерска служба и ќе биде еден професионален дел каде што мислам дека она појава која што ја имаме на кучиња бездомници ќе се намали во градот, а и во целиот регион и нормално размножувањето нивно да биде контролирано. Ова го спомнувам исто од аспект на тоа да размислуваме во делот на изградбата на самиот стационар, за соодветни кадри и соодветно решение на шинтерската служба. Вториот проект кој што го имаме аплицирано пред исто Швајцарската фондација при Амбасадата е делот кај Црвен Крст, кој што за жал беше опожарен и ќе оде со комплетна реконструкција. Таму ќе имаме изградба на 6 апартмани и купување на возило, исто инвестиција од 17 000 000 евра донација во делот на згрижување на лица при елементарни непогоди, лица кои што се во моментот од семејно насилство или било како современо згрижување и нивна едукација за да може да преку Црвен Крст, преку нашите институции да функционира еден таков дел во Општина Кавадарци, пошто реално се јавуваат понекогаш такви потреби и од елементарни непогоди, меѓутоа и од други погоди.Тоа е исто така проект со грант . Морам да го спомнам и проектот кој што го добивме. Веќе 3 години го работевме, 2,2 000 000 евра грант комплетен од КФФ Германската банка заедно со Сојузна Република Германија и со Министерството

за транспорт и врски веќе е отпочната реконструкцијата преку компанија која што е номинирана, ми се чине е компанијата Жикол, на атмосферска, канализациона и водоводна линија. На 8 проекти се работе. Еден од покрупните проекти кај што граѓаните, уште сега сакам да го најавам тоа, ќе ни треба да бидат корпоративни. Тоа е улица Вишешница, од под капелата отпочнување, се до Мито Хаџи Василев. 7-ми Септември, до самиот кеј на реката, комплетна изградба на нова атмосферска, нова водоводна линија и нова канализациона линија, затоа што е едно од постариот дел на градот и канализационата и атмосферската линија е измешана и се јавуваат понекогаш и непотребни миризби, меѓутоа и самите граѓани доаѓаат до поплавување при обилни дождови. Исто колекторскиот систем се завршува од Ваташа до ромската населба. Во Марена се прави нов атмосферски канализационен систем, еден грант од 2,2 000 000 евра, кој што мислам е благодет за Општина Кавадарци. Од покрупните проекти во делот на изградбата на затворениот базен, кој што треба заедно со Агенцијата за млади и спорт да го тендерира, со завршувањето на ребалансот на буџетот, кој што мислам еве за недела, две да биде завршен, ќе се тендерира, така да и тука не очекува еден предизвик поголем за изградбата на тој затворен базен, пред се за користење на основните и средните училишта за самата настава по физичко здраствено образование, меѓутоа и за рекреативниот дел на нашите граѓани и доградбата наша која што и ќе престои во делот на спа центар, Западен Булевар кој што е еден крупен и едно 30-тина години го чекаме да се доврши е веќе тендериран, изведувачот е одобрен, за недела дена ќе отпочнат со работа, 25 000 000 денара наша инвестиција на Општина Кавадарци, заедничка програма која што ја имаме донесено, Лазо Асијата, улица од Клинска до Методија Џунов Џикот и асфалтирањето на улица Дисанска, ама на кракот позади згради. Тоа комплетно треба да се заврши. Исто инвестиција од 20 000 000 денари, долгоочекувана улица и улицата од 25-ти Мај до Домовица ми се чине дека беше. Тоа е поврзувањето со Глишиќ паралелно со улица Шишка. Во делот преку Светска Банка, што ги имаме добиено средствата од 1 200 000 евра заедно со Министерството за транспорт и врски. Ние сме една од општините кои што сме во трета фаза, веќе се работи завршувањето на Западен Булевар, се работи завршувањето на Дисанска со 3 ленти, а во четврта фаза која ќе ја отпочне Министерството со тендерирање. Тоа се Димката Ангелов Габерот улицата, Видео Смилевски, Слога и Цветан Димов Булеварот. Тоа се четирите останати проекти кај што ќе ги исцрпиме тие средства до 1 200 000 евра и се од клучно значење за Општина Кавадарци. Воедно би спомнал дека на Димката Ангелов Габерот со должина од 560 м. ЈП Комуналец има предвидено буџетски средства, нивни за реконструкција на самиот колекторски систем, затоа што таму колекторот е во една лоша состојба и обжилен со повеќе жили од самите дрвја и е во цементна конструкција. Така да ќе се оде со ПВЦ материјал, кај што ќе трајноста се зголеме. Со изградбата на Спортската сала во Ваташа некаде за 10-тина дена, 15 треба да биде готова да ја пуштиме во употреба. Исто така проектирањето на новите спортски сали, кои што ги спомнавме, тоа во Сопот, во Марена, во Глишиќ и во Дреново и Возарци. Да го спомнам проектот за Дреново, дреновчани малку почекаа повеќе отколку што требаше. Тоа е ТАВ Програмата преку Влада, каде што беа одобрени два проекта

отприлика со 1 200 000 изност за двата проекта. Едниот е Брушани, кој што е во трета фаза на приклучок на 750 викендици кои што ги имаме таму и куќи во кои што живеат луѓето за водоснабдување, а вториот проект е комплетна реконструкција на патот од Дреново до регионалниот пат со Возарци. Фирмата е Градба Промет која што од утре ќе почне ефективно да работи на патот и очекувам за 2-3 месеци да се заврши. Добивањето на средствата е преку Планскиот Вардарски регион и нашите апликации учинуваат во реконструкција на Бохула, патот од еден километар каде што веќе се работи, набавка на противпожарно возило за ПТТЕ која што ја имаме. Во делот на образованието исто така преку МОН ни беа одобрени повеќе реконструкции на училиштата. Јас можам да ги кажам дека Сопот е веќе завршено со реконструкција комплетна, Возарци е во фаза на комплетна реконструкција на училиштето и надворешна и кровна и внатрешна и ќе биде тоа наредната сезона учебна завршено, Страшо Пинџур како школо во Кавадарци завршува и треба во втора фаза да отпочне Министерството со реконструкција на Димката Ангелот –Габерот Кавадарци, на Пепето во Кавадарци со менување на кровна конструкција и на средното стручно училиште Киро Спанџов Брко, заедно со Спортската сала и со пропратните елементи кои што ги има по проект. Во делот на местењето на фотоволтаиците сакам да ве запознааам како советници дека на десетте институции очекувам за две недели да бидат поставени тие 200 kw фотоволтаици, каде што десетте институции вклучувајќи ја и Општината ќе ја растеретиме сигурно со 50, 60 % од плаќање на електрична енергија, а во меѓувреме како Општина заедно со службите побаравме од ЕВН да добиеме согласност за поставување уште на 200 kw фотопанели за производство на електрична енергија и тоа на локација Спортска сала Јасмин добивме позитивно мислење од ЕВН Македонија дека има услови таму од таа трафостаница да поставиме, али со првиот ребаланс, кој што очекувам да биде крај на јуни или почеток на јули да ребалансираме и да одвоиме средства за поставување на фотоволтаична централа уште за 200 kw производство на електрична енергија, поради тоа што и самите знаете дека струјата во идниот период ќе биде поскапа. Тоа е на светско ниво, светска берза каде што ние мораме да се прилагодиме од обновливи извори за да се заштитиме од големи сметки и нормално да нашите јавни институции и општински институции, порационално ја користат струјата и плаќаме помали сметки. Во делот на културата го знаете Тиквешкиот Гроздобер, кој што очекуваме оваа година да биде добро посетен, очекуваме Домот на културата да изготве програма која што можеби на Совет да ја разгледаме ако е готова, така неофицијално, за отворено кино, отворени театри каде што имаме услови да ги направиме и мислам дека имаме уште многу проекти за зборење, меѓутоа од капитално значење се вака овие покрупни проекти за оваа година отпочнување. Буџетот кој што успеавме да го реализираме за 5 месеци е со над 200 000 000 денари. Очекувањата се дека со ваква динамика треба негде септември, октомври да во целост го исполниме нашиот буџет и нормално заштедите кои што ги имаме од буџет со наредниот ребаланс кој што ќе го правиме, ми се чине дека сега во делот на комуналната изградба по тендерирање, во делот на поплочување, асфалтирање на други улици кои што не ги спомнав од нашата програма кои што се направени имаме заштеда од 6,7 000 000 денари по

негативните аукции кои што следуваат и тие заштеди да ги пренамениме во изградба на некои други комунални и инфраструктурни објекти. Второ што треба да го размислиме заеднички и да биде одлука и на Управниот Одбор на Комуналец и на Надзорниот, меѓутоа и како советници без разлика што немате директно влијание и јас како Градоначалник би сакал заеднички да го разгледаме, тоа се четирите мини хидроцентрали на ЈП Комуналец, кои што се претходно изградени, петтата која што ја пуштивме пред 2 месеци во работа, таа работи на слободен пазар и тоа не е тајна, на слободен пазар имаме добиено цена по kw од 20 евро центи куповна цена на електричната енергија, а останатите 4 мини хидроцентрали на ЈП Комуналец се со повластена тарифа при Регулаторна Комисија и струјата ни ја плаќаат во зависност од капацитетот на централата од 5 до 7 денари. Доколку ги извадиме, а имаме право и правен основ да ги извадиме на слободен пазар, во тој случај ќе добием дупло поголема сума на самата цена на електричната енергија, а тоа е 20 евро центи. 20 евро центи, некаде на годишно ниво доаѓа околу 350 000 евра плус приходи за ЈП Комуналец во делот на електричната енергија. Тука мора да донесиме колективна одлука, затоа што во моментот цената на струјата да е висока. Очекуваме наредните 3 години да не падне, а ризикот ќе го сносиме ние како ЈП и Општина, поради тоа што еднаш излегување на слободен пазар државата и законот не дозволува повторно враќање на регулиран пазар на самите хидроцентрали. А за информација имаме уште 5 години право да бидиме на регулиран пазар. Значи тоа треба да се искалкулира добро, сите советници да се вклучите, да земиме анализи дали наредните 5 години се очекува електричната енергија да падне под 100 евра на mw и дали би сноселе ризик во делот на тоа ако испадниме на слободен пазар. Според мене не и според сите истражувања на експерти, али пак ќе кажам тоа е јавна институција, јавни централи. Во моментот парите се прилично големи и очекувам тоа да биде така и натаки и мислам дека треба добро да размислиме во делот на опстанокот на ЈП. Сами знаете дека енергенсите растат секојдневно. Нафтата веќе помина над 100 денари ЈП Комуналец е голем потрошувач на нафтени деривати, пошто има над 90 возила, кои што се активни и во Износ на смет, и во Зеленило и Водовод и канализација и другите потреби. Општина Кавадарци гледа максимално да ги рационализира службените патувања, трошењето на гориво и на енергенси, меѓутоа тоа што е неопходно и неминовно ние не можеме да го спречиме, а очекувањата и тенденцијата се дека енергенсите, а поготово и нафтените деривати, кои што се составен дел од нас, ќе одат во нагорна линија. Одењето во нагорна линија нас не ни е баш во прилог воопшто, не само нас, него и на јавниот и на реалниот сектор и на граѓанството апсолутно. Во моментот со формирањето на новото ЈП тука можам јас лично да ветам, во овој наш мандат, а верувам дека и вие ќе се согласите со тоа дека со формирањето на ЈП нема да дозволиме непотребни вработувања, него ќе бидат само оние неопходни возачи и еден раководител, кој што мора да постои, како раководител на ЈП и според обемот и работењето кое што ќе го направе ЈП во делот на приходите, ако ги надмине приходите над ЈП за паркирање во иднина можеме двете претпријатија да ги фузираме , односно ЈП за паркирање го фозираме кон ЈП за превоз и транспорт, така да да немаме пак две, туку да се фузират во едно ЈП. Тоа се законски регулативи и прописи кои што во моментот мораме да ги запазиме

за да добиеме лиценца за транспорт. Очекувам исто во делот на урбанистичките планови да добро движат нашите служби заедно сега со новиот раководител Александра Денковска, на местото на Драган Симоновиќ, помлад човек кој што мислам дека малку може да ја убрза таа работа, поради тоа што урбанизацијата е таа што може да ни донесе поперспективен пат, повеќе отворени парцели и надвор од град и во град и трето во делот на урбанизацијата би ве вклучил сите за размислување на проширување на Генералниот План на Општина Кавадарци, која што е неопходна рамка, заедно со сите стручни тела и со поранешни урбанисти и градежници да се дадат предлози за проширување на Генералниот план на Општина Кавадарци за индустриска зона, меѓутоа и во делот на домувањето, пошто за индивидуално домување веќе во Општина Кавадарци, парцелите се исцрпени, за колективното домување горе доле се исцрпени парцелите, така да развојот понатамошен 10 и 15 години на Општина Кавадарци мора да го гледаме во проширување на Генералниот План на Општина Кавадарци. Тоа е макотрпна работа. Голема работа. Нема да избрзаме со предлози и да веднаш ги прифатиме. Значи оствaме простор, еве до крајот на годината да анализираме и врз основа на тие анализи и предлози после отпочниме нова постапка 23-та за одобрување на изработка на нов Генерален План . Општина Кавадарци партнерски значи учествува скоро секаде во делот на локалниот економски развој, во делот на сите проекти кои што може да ги добиеме и денеска еве на наше задоволство можам да ви пренесам од средбата која што ја имавме на државно ниво, вклучувајќи ги сите министерства и Царинската Управа и МВР и Министерството за надворешни работи и од Влада претставник се на територија на Општина Кавадарци, во моментов појдоа до Пуљевац. Значи тие се да го видат местото заедно со Грците од грчка страна, да неофицијално се определе таа точка за граничниот премин. Средствата за проектирање и за урбанизација се веќе обезбедени од Министерството за транспорт и врски. Веројатно целокупната постапка за тоа што е од прва категорија градба, ќе ја води Министерството за транспорт и врски заедно со сите чинители и со Општината и со кординациите и Агенцијата за државни патишта, која што има нејзин претставник денеска тука, си го бира сопствениот пат од Мрежичко до Мајден и од Мајден до Пуљевац, каде што ќе имаме две работи реконструкција и рекомонтација на патот од Мрежичко до Мајден, кој што е така во една многу лоша состојба и изградба на Мајдан , Пуљевац на новиот пат кој што треба да го направиме. За 15-20 дена ќе го знаеме нивото на граничниот премин, дали ќе биде втора, трета категорија, работното време на граничниот премин и сезонското работење на граничниот премин. Јас како Градоначалник, верувам и како советници ќе го застапуваме тоа да биде граничен премин во втора категорија, да работи 12 месеци, да работи 24 часа во денот за да можеме да имаме повеќе приближување на туристи, на наши соседи кои што би имале тука повеќе работи кои што можат да ги видат, а и нормално наши сограѓани да патуваат на тој граничен премин. Така да не очекува година која што имаме доста предизвици, буџетот очекувам уште еднаш да биде завршен како што треба, ребалансот ќе го направиме врз основа на критериумите кои што ги имаме по енергенси, енергетика и другите потреби, меѓутоа ќе го правиме ребалансот после донесувањето на Регулаторна Комисија на Правилникот за електрична

енергија, моите информации се дека тој треба да биде донесен најдоцна до први јуни и усвоен ми се чини дека Влада не го усвоила дека Регулаторна Комисија само го носи како регулаторно тело и врз основа на носењето на тој правилник, ние ќе треба да си направиме за секоја институција , вклучувајќи ја и Општината и јавната расвета и сите, трошковите за електрична енергија да си ги предвидиме навремено, пошто сигурно ќе бидат многу повисоки од сега, да не дојдиме во ситуација да имаме таму дефицит или да останиме без средства за електрична енергија, која што е основна работа на секоја една јавна институција.Благодарам за времето, а утре се гледаме пак на нареден Совет.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник.Со тоа е исцрпен денешниот Дневен ред. Се гледаме во текот на утрешниот ден во 12 часот.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов